Врз основа на членовите 41, 43,44 и 44-а од Статутот на Технокомерц АД Скопје и членовите 384,387 и 388-а,од Законот за трговски друштва, а согласно Одлуката за свикување на Годишно собрание на акционери бр 02/309-2 од 09.05.2023г. Одборот на директори на Технокомерц АД Скопје објавува

ЈАВЕН ПОВИК
до акционерите за учество на Годишно собрание на ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје

Седницата на Собранието ќе се одржи на 12.06.2023г. со почеток во 13 часот, во деловните простории на друштвото на Бул. 8 Септември бр.42-Скопје, а ќе работи со следниот дневен ред:

**ДНЕВЕН РЕД**

I процедурален дел :

1. Избор на бројачи на гласови
2. Избор на претседавач на Собранието

II работен дел

1. Донесување на Одлука за усвојување на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен Извештај за работа на друштвото и утврдување на одлука за покривање на загубата.
2. Донесување на Одлука за усвојување на Единечни ревидирани финасиски извештаи.
3. Донесување на Одлука за исплата и распределба на девиденда.
4. Донесување на Одлука за одобрување на работењето со друштвото на членовите на Одборот на директори за 2022г.
5. Донесување на Одлука за отповикување на член од Одборот на директори
6. Донесување на Одлука за избор на член на Одбор на директори.
7. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за 2023г

СЕ ПОВИКУВААТ АКЦИОНЕРИТЕ СО ПРАВО НА ГЛАС ВО СОБРАНИЕТО ДА УЧЕСТВУВААТ ВО РАБОТАТА НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.
Акционерите се должни своето учество да го пријават најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.
Пријавите да се доставуваат до Технокомерц АД Скопје – или по електронски пат на: www.tehnokomerc.com.mk
Секој акционер може да овласти полномошник со писмено полномошно за учество на Собранието, за што е должен да го извести Друштвото по писмен или електронски пат. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото: www.tehnokomerc.com.mk
Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да доставаат предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.
Акционерите можат да доставаат предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот кога е објавен јавниот повик, а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања можат да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото: www.tehnokomerc.com.mk

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва. Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од гласовите на сите присутни или претставени акционери. Гласањето е јавно.

Материјалите за собранието на Друштвото, како и дополнителни информации согласно Законот за трговските друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во Сметководно-финансовиот сектор и на официјалната интернет страница на Друштвото www.tehnokomerc.com.mk

*ТЕХНОКОМЕРЦ АД СКОПЈЕ*
*ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ*